# ИНФОРМАЦИЈА

## за подобрување на квалитативниот дел на извештаите за работа на инспекциските служби

### Вовед

Во рамките на кампањата „Разбистри сé" во јуни и јули 2021 година, Центарот за еколошка демократија ФЛОРОЗОН и Институтот за комуникациски студии изработиле документ/анализа Проценка на транспарентноста и отчетноста на инспекторатите со надлежности во животната средина. Непосредно по промовирањето на оваа анализа, по утврдените заклучоци и препораки во документот, двете невладини организации оствариja контакт со Советот, при што понудија да се посветат на прашањето на подобрувањето на извештаите за работа на инспекциските служби, кои имаат надлежности во сферата на животната средина, пред се ДИЖС, ДИТИ, ДИЗ и ДИШЛ.

Иако, како што и НВО-и заклучуваат, обврската за поднесување на полугодишен извештај за работата на инспекциските служби произлегува од Законот за инспекциски надзор (чл. 35), додека начинот на известување е определен со Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 238/2019), сепак наодите од нивното истражување укажуваат на потребата од подобрување на квалитетот на податоците презентирани во полугодишните извештаи.

Поради тоа, подготвени се насоки за надминување на ваквата состојба и унапредување на квалитативниот дел на извештаите, а кои се засноваат исклучиво на обврските кои произлегуваат од националната законска рамка и стратегии.

Документот кој е предмет на оваа Информација, изработен од двете НВО-и, има наслов *„Насоки за подобрување на квалитативниот дел на извештаите на државните инспекторати со надлежности во животната средина – Државниот инспекторат за животна средина, Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Државниот инспекторат за техничка инспекција"*.

### Наоди

Подносителот на оваа информација, детално го разгледа овој документ и смета дека тој може да донесе квалитативно подобрување на процесот на подготвување на полугодишните извештаи, не само кај посочените четири инспекциски служби, туку во целиот систем кој е во јурисдикција на Советот.

Во тој контекст, за Советот е многу важно да донесе одлука за понатамошниот третман и статус на понудениот документ. При тоа, подносителот на оваа информација смета дека се можни три пристапи:

- документот да биде усвоен како самостоен, но на ниво на Насоки, и да биде дистрибуиран како задолжително помагало на инспекциските служби во овој процес,
- документот да се вгради целосно во постојниот Правилник за формата и содржината на извештајот за работа, со што ќе се подигне на ниво на законска обврска и
- да се направи комбинација од двата пристапи, односно дел од предлозите во документот и да се вградат во Правилникот, додека дел да остане како самостоен документ, кој во перспектива може да стане дел од Програмата за генеричка обука на инспекторите.

Предложениот документ е структуриран во пет поглавја: Вовед, Подготовка на извештајот, Структура на извештајот, Јавност на извештајот и Користена законска рамка.

Во Воведот се дадени општи напомени и референци кон постојната регулатива.

Во поглавјето Подготовка на извештајот се дадени неколку предлози како да се подготвува извештајот во пракса, кои на некој начин може да се гледаат и како елементи за дефинирање на стандардна оперативна постапка.

Првиот предлог е на линија на одредени размислувања во поширокиот контекст на реформата и реорганизацијата на инспекцискиот систем во државата. Имено, се предлага Извештајот да биде подготвуван од службеник, кој во основа не е инспектор или тоа да биде дел од обврските на одредена организациска единица.

Останатите три предлози се однесуваат на самиот процес на изработка на извештајот, при што се сугерира службеникот кој би го изработувал Извештајот, да прибере најпрво „хоризонтални“ информации и податоци, кои би се вкрстиле со информациите и податоците од редовната работа на инспекторите.

Според мислењето на предлагачот на оваа информација, овие предлози се исклучително добри, но секако не се прашања кои треба да бидат вградени во Правилникот.

Поглавјето структура на извештајот е поделено на неколку поднаслови, и ја следи веќе регулираната структура на Извештајот, утврдена со Правилникот. Исто така, во голема мера предлозите се практично дополнителна разработка на кусите описи кои се дадени во приложениот образец во Правилникот. Во таа смисла, најголем дел од овие предлози би можеле да бидат вградени во Правилникот, така што ќе се прошири обемот на опис кој всушност претставува своевидна насока за изработка на Извештајот.

Сепак, во поднасловот Анализа на ризици, предлогот кој е даден во документот, се чини како да не е доволно објаснет или авторите имаат недоволно разбирање на ова прашање. Подносителот на оваа информација смета дека во овој дел не се потребни листи на субјектите, но податоци за број на субјекти со различен степен на ризик, класифицирани како

што сугерира и предлогот, односно според класификацијата на дејности, што пак е во најголем дел во согласност со пристапот утврден во Методологиите за проценка на ризик.

Во поднасловот Организација и работење, најголем дел од предлозите може да се вградат во Правилникот (преку описите во образецот), но особено интересен е предлогот за прашањето на состојбата со човечките ресурси. Имено, се предлага покрај вообичаените информации и податоци, Извештајот да даде преглед/анализа и на етничката, образовната, родовата и старосната структура на вработените, бројот на платени или неплатени отсуства, бројот на боледувања, дисциплински постапки, откази или пензионирања (предвремени или редовни). Овој предлог треба да се разгледа многу внимателно во светло на активностите кои вообичаено Советот ги презема секоја година во оваа насока, преку подготвување на посебна информација (која се доставува до Владата на РСМ) за состојбите со човечките ресурси. Подносителот на оваа информација смета дека овој предлог може да биде вграден во Правилникот, преку проширување на задолжителните табеларни прегледи, така што сегашните годишни информации, советот ќе може да ги подготвува на полугодишно ниво до ВРСМ, користејќи ги токму податоците од шестмесечните извештаи за работа на инспекциските служби.

Во поднасловот Инспекциски надзор, кој авторите правилно го оцениле како клучен дел на Извештајот, внимание заслужува предлогот за табеларен приказ и компаративен преглед помеѓу планираните и реализираните надзори во тековниот и претходниот период на известување што ќе овозможи приказ на степенот на успех на инспекциската служба. Во досегашната пракса ова се покажа како недостаток на сегашниот Правилник, односно на табела 3 во образецот. Затоа, подносителот на оваа информација смета дека и овој предлог треба да биде вграден во Правилникот со што ќе се обезбеди задолжителност не само на споредувањето на планот со реализацијата, но и дополнително со дизајнирање на табеларен преглед кој ќе даде збирна компаративност со претходните неколку полугодија.

Особено интересен предлог во овој дел е предлогот за анализа на податоците од РЕГ-6-РИИ односно од регистарот на извршени инспекциски надзори. И овој предлог би можел соодветно да се вгради во Правилникот и да се дизајнира табеларен преглед кој ќе обезбеди компаративност и унифицираност на анализите кои инспекциските служби би ги правеле.

Исто така, многу интересен е предлогот за усогласување на Извештајот со уписникот УП-1, во кој се собираат многу податоци и информации за работата на инспекциските служби, кои остануваат неупотребени, а можат значително да придонесат за подобрување на транспарентноста на инспекциските служби. И овој предлог, може соодветно да биде вграден во Правилникот, односно во Образецот, преку дизајнирање на табеларен преглед.

И во поднасловот Обука на инспекторите и адм.службеници се предлага табеларен преглед на спроведените обуки, кој исто така може да се вгради во Правилникот.

Во поднасловот Буџет и финансирање, предлозите кои се дадени може да бидат вградени во образецот, но се чини авторите во овој дел отишле премногу во детали, па така предлагаат и детално расчленување на буџетските расходи и вклучување на ревизорски извештај

(доколку е можно), што пак според подносителот на оваа информација не е потребно особено не во толкав обем.

Во поглавјето Јавност на извештајот, дадените предлози се повикуваат на специфични европски правила во сферата на животната средина и во таа смисла тоа не би требало да биде вградено во Правилникот, но може да биде стимулирано кај сите инспекциски служби да бидат проактивни во својата транспарентност. Сепак, треба да се напомене дека дел од предлогот ќе биде практично реализиран со работата на електронската платформа е-инспектор, која ќе овозможи и увид во сите инспекциски акти, како што бара ЗИН.

Врз основа на погоре изнесеното, предлагам Инспекцискиот совет да ги усвои следните предлог заклучоци:

1. Инспекцискиот совет на својата 239-та седница, одржана на 10.12.2021 година, ја разгледа и усвои Информацијата за подобрување на квалитативниот дел на извештаите за работа на инспекциските служби.

2. Се задолжува претседателката на Инспекцискиот совет, најдоцна до 17.12.2021 година, да формира работна група за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 238/2019), во чиј состав ~~покрај~~ ќе има претставници од вработените и членовите на Советот, НВО-и кои се автори на документот *„Насоки за подобрување на квалитативниот дел на извештаите на државните инспекторати со надлежности во животната средина – Државниот инспекторат за животна средина, Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Државниот инспекторат за техничка инспекција"*, а по потреба и претставници на инспекциските служби.

3. Се задолжува работната група од точка 2 од Заклучокот, да изработи и најдоцна до 31.1.2022 година, да му достави на Советот нацрт на предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 238/2019).

*Подносител:*
*м-р Методија ДИМОВСКИ*
*член на Инспекциски совет за област животна средина и заштита на здравјето на луѓето*

*Скопје, 3.12.2021 година*